Република Северна Македонија
КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ
И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА

ОКСЗД

Republika e Maqedonisë së Veriut
KOMISIONI I PARANDALIMIT
DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI

Архивски број: 08 - 223/6
Датум: 11-05-2023

Постапувајќи по претставката бр. 08 – 223/1 од 14.03.2023 година, поднесена од [redacted] од Скопје, со живеалиште на [redacted] за сторена дискриминација врз основа на етничка припадност, во областа на работата и работните односи од страна на Агенција за иселеништво на Република Северна Македонија, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација врз основа на член 21, став 1, точка 14 и член 27, став 1 од Законот за спречување и заштита од дискриминација (Сл. Весник на РСМ бр. 258/2020) на 11.05.2023 година, го донесе следното

# МИСЛЕЊЕ

**НЕ СЕ УТВРДУВА ДИСКРИМИНАЦИЈА** врз основа на етничка припадност во областа на работата и работните односи од страна на Агенција за иселеништво на Република Северна Македонија кон [redacted]

## Образложение

На 14.03.2023 година до Комисијата за спречување и заштита од дискриминација беше доставена претставка со архивски број 08 – 223/1, од страна на подносителот [redacted] против Агенцијата за иселеништво, за сторена дискриминација врз основа на етничка припадност, во областа на работата и работните односи.

Подносителот на претставката е вработен во Агенцијата за иселеништво од 1999 година. Во претставката наведува дека е дискриминиран од страна на работодавачот, поради неговата бугарска етничка припадност. Тој наведува дека како резултат на притисоците и омразата кон неговата бугарска етничка заедница, со новата систематизација на Агенцијата за иселеништво неговото работно место било укинато. Во продолжение наведува дека со таквата систематизација, единствено неговото работно место е укинато и тој е ставен на трансфер листа. Подносителот тврди дека за причините поради кои е укинато неговото работно место не добил никакво објаснување и за него останува нејасно, бидејќи против него немало ниту една дисциплинска постапка, а на сите оценувања бил оценет со оценка 4.

Комисијата за спречување и заштита од дискриминација, согласно член 24, став 7 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, на 15.03.2023 година испрати Известување бр. 08 - 223/2 за произнесување по наводите од претставката до потенцијалниот дискриминатор и дополнително ги побара следниве информации:

- Дали конкретната систематизација е веќе одобрена од Министерството за информатичко општество и администрација?;

- Дали со конкретната систематизација се брише единствено работното место на подносителот на претставката?;
- На кое работно место бил вработен подносителот на претставката пред укинување на работното место?;
- Со каква етничка припадност се изјаснил подносителот на претставката при вработувањето во Агенцијата за иселеништво?

На 31.03.2023 година до Комисијата стигна поднесок за произнесување по предметната претставката со бр. 08 – 223/3 од Агенцијата за иселеништво.

Во поднесокот за произнесување наведуаат дека новоизработените правни акти на Агенцијата за иселеништво: Функционалната анализа, Правилникот за организација на работата на Агенцијата за иселеништво и Правилникот за систематизација на работните места во Агенцијата за иселеништво имаат добиено согласност од Министерството за информатичко општество и администрација. Во поткрепа на тврдењата во прилог ја доставиле согласноста со бр. 09 – 1193/2 од 10.03.2023 година, со која се потврдува добиената согласност.

Согласно тврдењата од поднесокот за произнесување, подносителот бил вработен во Агенцијата за иселеништво во Одделение за комуникација и информирање на работна позиција самостоен референт за прием, средување и евиденција на документација, категорија Г – ниво Г1. Притоа, со новиот Правилник за систематизација на работните места, оваа работна позиција се укинува, како и останати работни позиции, со што вкупниот број на укинати работни позиции изнесува 8. Во продолжение, според претходно споменатиот Правилник, предвидени се нови 8 работни позиции наместо преходните кои се укинуваат.

По однос на прашањето „Со каква етничка припадност се изјаснил подносителот на претставката при вработувањето", Агенција за иселеништво тврди дека подносителот на претставката, [redacted], при неговото стапување на работа во пријавата М1/М2 од 17.07.1999 година се изјаснил како припадник на Македонскиот народ, така што во графата за припадност на заедница на пријавата стои дека тој е Македонец, и во врска со ова, потенцијалниот дискриминатор како доказ ги приложил:

- Изводот од компјутерскиот запис – Пријава/Одјава во задолжтелно социјално осигурување – Образец М1/М2 од 30.08.2018 година, во која [redacted] се изјаснил како Македонец;
- Пријава/Одјава во задолжително социјално осигурување – Образец М1/М2 од 08.07.2009 година, во која [redacted] се изјаснил како Македонец.

Агенцијата за иселеништво потенцира дека подносителот на претставката [redacted] за разлика од личното изјаснување како Македонец како во претходно приложените докази, во други наврати, дописи и претставки до други државни

интитуции и високи функционери се произнел како припадник на други етнички заедници во Република Македонија. Во врска со ова, кон поднесокот за произнесување како докази се приложени:

- Претставка бр. 07 – 155/1 од 09.12.2015 година поднесена до Комисијата за заштита од дискриминација, каде [redacted] се изјаснил како припадник на влашката заедница;
- Претставка до Претседателот на РСМ (г-дин Стево Пендаровски) во која се изјаснува како припадник на дел од Бугарскиот народ во РСМ, односно како македонски етнички бугарин;
- Претставка до Претседателот на Владата на РСМ [redacted] до Генералниот секретар на Владата [redacted] и до Министерот за дијаспора [redacted] во која исто така, се изјаснува како припадник на бугарската етничка заедница.

Заради целосно утврдување на фактичката состојба, согласно надлежностите регулирани во членот 29 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, на 08.05.2023 година членот на Комисијата за спречување и заштита од дискриминација, Игор Јадровски и вработената во стручната служба на Комисијата, Анастасија Муратовска, извршија непосреден увид во Агенцијата за иселеништво на Република Северна Македонија.

Претставниците од Комисијата остварија средба со [redacted] на Сектор за општи, правни и финансиски работи и [redacted] – директор на Агенцијата за иселеништво, на која дискутираа за претставката за заштита од дискриминација поднесена од вработениот во Агенцијата за иселеништво – [redacted]

На почеток претставниците од Комисијата дадоа вовед на надлежноста - увид и целите на увидот поврзани со конкретниот предмет.

[redacted] Сектор за општи, правни и финансиски работи – [redacted] истакна дека е запознаена со наводите од претставката и потенцираше дека досега вработениот [redacted] има поднесувано претставки до различни државни органи. Понатаму, таа контатираше дека вработениот во различни временски периоди, различно ја искажува својата етничка припадност, во некои наврати себеси се декларирал како Влав, во други како Бугарин или Македонец.

Во врска со наводите од претставката дека подносителот на претставката бил дискриминиран преку укинување на неговото работното место со новата систематизација на работни места и ставен на трансфер листа, од Агенцијата за иселеништво известија дека:


ул. Даме Груев 1, 1000 Скопје, Република Северна Македонија
Dame Gruev 1, 1000 Skopje, Republic of North Macedonia
+389 23232368;
+389 23216892
www.kszd.mk
contact@kszd.mk

„Со новата систематизација е укинато работното место на вработениот [redacted] – самостоен референт за прием, средување и евиденција на документација во Одделението за комуникација и информирање. Поради неефикасност и преклопување на надлежностите на работните позиции, со новата систематизација освен неговото, укинати се и други седум работни позиции во Агенцијата за иселеништво. Со укинувањето на работното место, вработениот не е ставен на трансфер листа, туку е распореден на работно место – самостоен референт за пресметка на плата и благајнички работи во Секторот за општи, правни и финансиски работи, Одделение за финансиски работи."

За потврда на наводите, од Агенцијата за изеленииштво беше обезбеден доказ – Решение за распоредување и за утврдување на висината на платата на административниот службеник со бр. 03 – 273 од 10.04.2023 година.

Од Агенцијата нотираа дека со новото Решение на вработениот му е признат и степенот на образование, кој до тогаш не му бил признат.

Од Агенцијата за иселеништво беше заклучено дека вработениот имал еднаков третман како и останатите вработени, кои исто така биле распоредени на други работни места со новата систематизација.

Од сето горенаведено, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација утврди дека не е сторено веројатно тврдењето на подносителот за сторена дискриминација. За да премине товарот на докажување од подносителот на претставката кон потенцијалниот дискриминатор, тој мора да изнесе факти со кои ќе направи веројатно дека дискриминација би можела да биде извршена. Во случајот подносителот првично требал да докаже дека постои каузална врска помеѓу неговата етничка припадност и повредата, односно штетата. **Од утврдената фактичка состојба произлегува дека во случајот на подносителот на претставката воопшто не е настаната повреда или штета.** Истото е видно од Решението за распоредување и за утврдување на висината на платата на административниот службеник - [redacted], донесено од Агенцијата за иселеништво со бр. 03 – 273 на 10.04.2023 година. Од таквото решение произлегува дека со новиот Правилник за систематизација на работните места во Агенцијата за иселеништво, вработениот, односно подносител на претставката не се става на трансфер листа, туку се распоредува на работно место – самостоен референт за пресметка на плата и благајнички работи во Секторот за општи, правни и финансиски работи – Одделение за финансиски работи. Од тука произлегува дека подносителот на претставката не е ставен во понеповолна положба во однос на неговите колеги, врз основа на неговата бугарска етничка припадност, бидејќи неговото претходно работно место, како и седум други работни места биле укинати, но со новиот Правилник за систематизација на работни места вработените чии работни места биле укинате, вклучително и подносителот на претставката се распоредени на нови работни места, согласно потребите на Агенцијата за иселеништво.

При така констатирана состојба, во недостаток на повреда на право врз дискриминаторска основа, во работниот однос помеѓу подносителот на претставката и работодавачот, не може да стане збор за дискриминација. Оттука произлегува дека не е исполнета законската **дефиниција за дискриминација од член 6 од Законот за спречување и заштита од дискриминација**:

*„Дискриминација е секое разликување, исклучување, ограничување или давање првенство што се заснова на дискриминаторска основа, со сторување или несторување, што имаат за цел или резултат спречување, ограничување, признавање, уживање или остварување на правата и слободите на одредено лице или група на еднаква основа со други. Ова ги опфаќа сите форми на дискриминација вклучително и оневозможување на соодветно приспособување и оневозможување на пристапност и достапност на инфраструктурата, добрата и услугите."*

Заради горенаведеното Комисијата за спречување и заштита од дискриминација, согласно своите надлежности одлучи како во диспозитивот на мислењето дека во конкретниот случај не е сторена дискриминација врз основа на етничка припадност, во областа на работата и работните односи од страна на Агенцијата за иселеништво на Република Северна Македонија кон [redacted]

Скопје,
11.05.2023 година

Комисија за спречување и заштита од дискриминација

Претседател
Исмаил Камбери

Доставено до:

- [redacted]
- Агенција за иселеништво на Република Северна Македонија со седиште на ул. „Македонија" бр. 19, 1000 Скопје

КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА
KOMISIONI I PARANDALIMIT DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI
ул. Даме Груев 1, 1000 Скопје, Република Северна Македонија
Dame Gruev 1, 1000 Skopje, Republic of North Macedonia
+389 23232368;
+389 23216892
www.kszd.mk
contact@kszd.mk